ИЗРАБОТУВА: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ БИТОЛА
УСВОЈУВА : УПРАВЕН ОДБОР
ДОНЕСУВА: СОВЕТ НА ОПШТИНА
БИТОЛА

# Предлог финансов план за работа на ЈП Комуналец Битола за 2025 година



Битола, 2024

## ВОВЕД

Управувањето со животната средина претставува организиран систем на мерки и активности наменети за намалување на негативното влијание на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Воспоставувањето на организиран интегриран систем на управување со отпадот, управувањето и одржувањето со јавната чистота, како и одржување на јавни зелени површини, претставува систем на комбинација на различни законски, економски и технички мерки со цел воспоставување на одржлив систем на управување.

Правилниот начин и третман на животната средина придонесува ефикасна комунална услуга како стопанска дејност за задоволување на потребите на граѓаните на територијата на Општина Битола.

Согласно законската регулатива за животна средина управувањето со отпадот и одржувањето на јавната чистота е надлежност на локалната самоуправа која е должна да обезбеди услови за организирано и трајно вршење на комуналните дејности со потребен квалитет и обем на комуналните услуги.

Вршењето на комуналната услуга на територијата на Општина Битола го врши ЈП Комуналец преку организиран систем на управување, преку годишни планови и програми за работа.

Основната дејност на јавното претријатие е управување со комунален и друг вид на неопасен отпад, одржување на јавни зелени површини, одржување на јавна чистота и уредување и одржување на гробишта.

ЈП Комуналец Битола ја одржува и сервисира опремата за уличното осветлување на територијата на Општина Битола, како и реоните на Бистрица, Цапари и Кукуречани. Во делокругот на работењето опфатено е и  замена на живини, натриумови и флуоресцентни светилки со лед светилки, за поголема енергетска ефикасност на целиот систем за улично осветлување на подрачјето на Општина Битола.

Во текот на 2024 година отпочна со работа прифатилиштето за бездомни животни Хачико.За негово функционирање се изработи Програма за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Битола. Прифатилиштето ги задоволува сите стандарди за хуман третман на животните.За функционирање на прифатилиштето отворивме можност за соработка со здруженија на граѓани, активисти и ветеринарни друштва.

Својата дејност јавното претпријатие ја врши со 261 работници распоредени во седум сектори:

- Сектор Комунална хигиена
- Сектор Јавно зеленило
- Сектор Уредување и одржување на гробишта
- Сектор за Општи, правни работи и човечки ресурси
- Сектор за Финансии, сметководство и комерција
- Сектор Канцеларија на директор
- Сектор за Технички работи и развој.

## Предлог план за работа на Секторот Комунална хигиена

## Основна дејност

Основна дејност на Секторот Комунална хигиена е организирање на интегриран систем на управување со комунален неопасен отпад, како и селектиран отпад на територијата на Општина Битола, односно негово собирање, селектирање, транспортирање, третман, складирање и отстранување (депонирање) на отпад од специјализирани садови за отпад (канти од 120 л. и 240 л. и контејнери од 1,1 $м^3$ и од 5 $м^3$).

Во состав на Секторот Комунална хигиена спаѓаат:

- Одделение за собирање,транспортирање и селектирање на отпад
- Одделение за депонирање на отпад.

**Собирање и транспортирање на отпад**

Во 2025 год. Сектор Комунална хигиена собирањето на комуналниот и другите видови на неопасен отпад ќе го врши од 14 реони. Од 12 реони собирањето на комуналниот отпад ќе се врши од физички и правни лица, од 1 реон собирањето на отпадот ќе се врши во контејнери од $5м^3$ каде ќе се собира индустриски неопасен отпад.

Селективното собирање на отпадната хартија и отпадната пластика (PET) се врши одделно од комуналниот отпад на целата територија на градот како посебен реон.

Доколку постојат реални услови за проширување на услугата за собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад во руралните средини во 2025 година се предвидува дооформирање на уште еден реон за собирање на комунален отпад, кој делумно е отпочнат и во него се опфатени пет села.

Собирањето и транспортирањето на посебните видови на отпад гломазен (габаритен отпад), отпад од електрична и електронска опрема и др. видови на отпад ќе се врши континуирано цела година, преку организирање на акции со правни лица за управување со наведените видови на отпад.

**Селективно собирање**

ЈП Комуналец предвидува проширување на процесот на селектирање на отпадот и тоа во делот на селекцијата на отпадната хартија и пластиката.

Проширувањето на процесот на селективно собирање на отпадната пластика се предвидува во индивудуалните домаќинства. За тоа потребно е обезбедување на:

- 200 пластични канти со капацитет од 120 литри (жолта боја) наменети за собирање на отпадна (PET )пластика од индивидуални домаќинства.

Проширување на процесот на селективно собирање на отпадната пластика се предвидува и во колективните домаќинства со дополнително распоредување на контејнери од 1,1м$^3$. За таа цел се предвидува да се обезбедат:

- 10 контејнери пластични во жолта боја со капацитет од 1,1м$^3$ за селективно собирање на отпадна хартија
- 10 контејнери пластични во сина боја со капацитет од 1,1м$^3$ наменети за колективните домаќинства.

**Садови за собирање на комуналниот отпад**

За 2025 година се предвидуваат да се набават:

- 100 контејнери со капацитет од 1,1м$^3$пластични (зелена боја),
- 70 контејнери со капацитете од 1,1м$^3$ метални (поцинковани),
- 200 пластични канти (зелени) со капацитет од 120 литри;
- 50 пластични канти (зелени) со капацитет од 240 литри

**Возен парк**

За ефикасно извршување на работните задачи, односно за безбедно собирање и транспортирање на комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територијата на Општина Битола, како и за потребите на Секторот Комунална хигиена на располагање се вкупно 15 специјални возила за собирање и транспортирање на комунален отпад и едно лесно возило.

Потребно е набавка на:

- две специјални возила за собирање и транспортирање на комунален отпад со капацитет на надградба од 14м$^3$ и со надградба од 16 м$^{3.}$

**Депонија Мегленци**

За работата на депонијата во 2025 година се предвидува да се работи според Планот и програмата за депонирање на комунален отпад во депонија Мегленци.

Во 2025 год се продолжува со Проектот на мониторинг на депонијата односно со комплетното евидентирање на отпадот што се депонира.
За потребите на депонијата ангажирано е возило булдужер LIU GONG CLGB 169R.

**Проекти**

Секторот Комуналена хигиена активно ќе се вклучува во изработката на планска и проектна документација која се однесува на управувањето со отпадот. Исто така ќе бара можностите за добивање на средства од меѓународните фондови.

За успешна реализација на наведените активности потребни е дополнително ангажирање на вработени лица. Бројот на лица и видовите на потребните работни места се доставени во План за вработување за 2025 за Сектор Комунална хигиена до одделениeто за човечки ресурси.

**Инвестиционен план**

| | Средства | количина | износ |
|---|---|---|---|
| 1. | Специјално возило за собирање на комунален отпад | 2 | 40.000.000 |
| 2. | Пластични контејнери со капацитет од 1,1м$^3$ (зелена боја) | 100 | 1.400.000 |
| 3. | Метални поцинковани контејнери од 1,1м$^3$ | 70 | 1.950.000 |
| 4. | Пластични канти од 120 литри | 200 | 400.000 |
| 5. | Пластични канти од 240 литри | 50 | 200.000 |
| 6. | Тампон и земја за посипување | | 5.000.000 |
| **ВКУПНО** | | | **48.950.000** |

Средствата за реализирање на овие проекти ќе се обезбедат од сопствени приходи и донации.

**Планирани приходи**

Во Секторот Комунална хигиена вкупниот приход се планира да изнесува 130.795.000 ден. или 48% од вкупниот приход на претпријатието.

Приходи од ѓубретарина од население ............................................. 78.700.000 ден
Приходи од ѓубретарина од правни субјекти....................................30.440.000 ден
Приходи од собирање и деп.на комунален отпад...............................3.700.000 ден
Приходи од продажба на отпадна пластика ............................................ 89.000ден
Приходи од балирање и собирање на хартија....................................... 826.000 ден
Приходи од продажба на пластични канти ...........................................140.000 ден
Приходи од продажба на ситен инвентар ........................................... 780.000 ден
Други приходи..........................................................................................16.120.000 ден

**ВКУПНО: 130.795.000 ден**

**Кадровска опременост 67 работници**

Секторот Комунална хигиена располага со следниот стручен кадар:

- Висока стручна спрема ВСС 2
- Средна стручна спрема ССС 19
- Основно образование ОО 46

## Предлог план за работа на Секторот Јавно зеленило
## Основна дејност

Основна дејност на Секторот Јавно зеленило е уредување, одржување, заштита и реконструкција на јавни зелени површини, односно подигање на јавно зеленило, како и одржување на јавната чистота на територијата на Општина Битола, односно миење, метење, чистење на снег, празнење на корпи со отпадоци и др. активности.

Своите активности секторот ги врши врз основа на годишни програми за работа изработени од јавното претпријатие, а донесени и усвоени од страна на управниот одбор на ЈП Комуналец Битола и Совет на Општина Битола

Во состав на Сектор Јавно зеленило работат три одделенија:

- Одделение за одржување на јавна чистота
- Одделение за хортикултура
- Одделение за расад (расадник) со производство

**Одделение за одржување на јавната чистота во градот**

Одделението за одржувањето на јавната чистота во градот, работењето ќе го изведува согласно Програма за одржување на јавната чистота на територија на Општина Битола за 2025 година, со која ќе се уредуваат условите, обемот, динамиката и начинот на одржување на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови.

Одржувањето на јавната чистота подразбира: машинско и рачно метење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, миење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, одржување на јавните површини и отворени простори на јавните објекти во зимски услови, местење на комунална опрема (корпи, клупи, детски реквизити за играње и занимација) на места каде се оштетени старите корпи и поставување на нови каде ќе се јави потреба.

**Одделение за хортикултура**

Активностите за 2025 година ке бидат во согласност со Програмата за одржување на јавните зелени површини за 2025 год. и се насочени во активности на подигнување на нови зелени површини, реконструкција на

постоечките, доуредување на постоечките објекти со садници и ружи, одржување на дрвореди, кроење, кастрење, обликување, сечење, засадување на листопадни и зимзелени дрвја, косење на зелените површини, гриблање, наводнување, заштита на растенијата од штеточини, поставување на комунална и урбана опрема (клупи, жардињери, корпи за отпадоци).

За 2025 година Секторот Јавно зеленило планира санација и уредување на веќе постоечките паркови лоцирани во урбани заедници,маалски населби во градот и руралните населби на територија на Општина Битола,во поглед на поправка на постоечките детски реквизити,поправка на клупи и поставување на нови канти за отпадоци.

**Одделение за расадничко производство**

Во Одделението за расадничко производство се одгледуваат зимзелени и листопадни декоративни садници на две локации, односно во расадник Нови гробишта.

Активностите за 2025 година се во насока на засадување на нови едногодишни декоративни садници, различни видови на зимзелени садници, листопадни едногодишни садници од различни видови, ружи во различни бои и останат дендро материјал.

Во расадникот кај Новите гробишта освен одгледување на декоративни садници се предвидуваат да се произведат и метли за одржување на јавната чистота во градот.

Исто така во план е спроведување на континуитет во производството на сезонски расад за цвеќе во досегашните 8 пластеници со цел задоволување на парцелите на територијата на Општина Битола. Производството на сезонски расад се планира да се изведе во 2 турнуси, и тоа пролетно и есенско цвеќе.

Во 2025 година прифатилиштето за бездомни животни Хачико ќе функционира согласно Програма за хуман третман и благосостојба на бездомни животни на подрачјето на Општина Битола

**Техничка опременост**

За извршување на своите активности за работа Секторот Јавно зеленило располага со следната техничка опременост: 1 специјално возило со корпа, 1 возило цистерна, 4 трактори со приколки, 1 трактор наменет за одржување на тревната површина на градскиот стадион, 2 возила камионет, 2 комби возила,

1 специјални возила за метење на улици, 2 електрични специјални возила за метење на улици,1 електрично возило за празнење на корпите за отпадоци, едно мултифункционално возило БОБКЕТ како и специјализирани земјоделски машини како што се:електрични грбни косилки, електрична пила за сечење на дрвја, електрична самоходна косилка, дувалки за лисја, дувалка за снег, смукачка за лисја, моторни пили (обични и телескопски), мотокултиватори, косачки (обични и грбни), рајдери, трактори за косење, мулчер, едноосовински мотокултиватор, телескопски мулчер, телескопски секач за гранки и др. машини и алати потребни за извршување на предвидените активности.

**Инвестиционен план**

| | Средства | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | Земјоделска механизација, алат опрема и повеќе наменски машини | 4.500.000 |
| 2 | Дендро материјал | 3.000.000 |
| 3 | Урбана опрема и детски реквизити | 4.000.000 |
| 4 | Громобранска инсталација со превектрон | 300.000 |
| **ВКУПНО** | | **11.800.000** |

Средствата во износ од 11.800.000 денари, потребни за реализирање на овие инвестиции ќе се обезбедат од сопствени средства.

**Планирани приходи**

Очекуваните приходи од Секторот Јавно зеленило ќе бидат 96.320.000 ден. или 36% од вкупните приходи кои се составени од:

Приходи од јавна чистота.............................................................22.900.000 ден
Приходи од Расадник и Цвеќара....................................................1.860.000 ден
Приходи од Буџет на Општина Битола........................................40.000.000 ден
Приходи од фактурирани услуги ЈЗП........................................12.000.000 ден
Приходи од Програма за прифатилиште.....................................18.000.000 ден
Други приходи..............................................................................1.560.000 ден

**ВКУПНО: 96.320.000ден**

**Кадровска опременост 80 работници**

Сектор Јавно зеленило расплага со следниот стручен кадар:

- Висока стручна спрема ВСС 6
- Виша стручна спрема ВШС 1
- Средна стручна спрема ССС 23
- Основно образование ОО 50

Бројот на лица и видовите на потребните работни места се доставени во План за вработување за 2025 за Сектор Јавно зеленилои до одделението за човешки ресурси и планирани се 10 нови вработувања.

## Предлог план за работа на Секторот уредување и одржување на гробишта

## Основна дејност

Основна дејност на Секторот Уредување и одржување на гробишта е управување со гробишта, односно одржување, давање право на употреба на гробни места како лична службеност, одржување и уредување на меѓугробен простор, услуги поврзани со покоен во капела и дополнителни дејности во координација со другите сектори како што се бетонирање на плоштатки и поставување на спортски реквизити, монтирање и бетонирање на колчиња околу тревни површини, бетонирање на ниши за контејнери за смет и поставување на канти за отпадоци, клупи и разна друга урбана опрема на различни локации низ градот.

Секторот Уредување и одржување на гробишта управува со старите Св.Неделски гробишта, новите Св.Неделски гробишта и Буковските гробишта. Исто така врши и услуги во капела која се наоѓа во новите Св. Неделски гробишта.

**Техничка опременост**

Секторот Уредување и одржување на гробишта својата активност ја врши со соодветна опрема и механизација и тоа:

- Товарно возило Фолсваген,
- Лесно патничко возило Мазда 2.

**Предвидени активности**

- Уредување на меѓугробниот простор (одржување на хигиена, уредување на зелените површини, кастрење и сечење на дрвја, копање и чистење на одводните канали),
- Континуирано собирање и исфрлање на сметот од гробиштата и исфрлање на градежните материјали и шут од споменичари од сите локации гробишта,

- Бетонирање на над 200 гробни места во Нови Св. неделски гробишта,
- Давање право на употреба на околу 200 гробни места како лична службеност,
- Издавање на потребен број  на одобренија за погреб
- Изградба на нови тоалети во стари Св. неделски гробишта и спроведување вода во бараката
- Тековно косење на тревата и третман со хербициди (неколку повторувања со акцент на верски празници) на сите три локации гробишта и исфрлање на откосот од сите три локации гробишта,

- Активно отстранување на дрва (кои се причинители на штета на споменици) на сите три локации гробишта,
- Продолжување на пренумерацијата и катастарска евиденција на гробни места,
- Асфалтирање и репарирање на  патеките низ Нови гробиштата,
- Континуирано насипување на просторот кој се подготвува за изработка на площатки во Новите гробишта.

## Инвестиционен план

| Р.бр | Мерка | Цена | Вкупно ден. |
|---|---|---|---|
| 1 | Изградба на нови тоалети | | 1. 200. 000 |
| 2 | Асфалтирање на патеки во новите Св.Неделски гробишта околу 3.900$м^2$ и корекција на постоечки асфалт околу 3.600$м^2$ | 3. 120. 000<br>3. 420. 000 | 7. 000. 000 |
| 3 | Изработка на площатки за гробови (згуснување, низ постоечките  парцели каде има големо растојание) | 200x0.6$м^2$ | 600. 000 |
| 4 | Лесно патничко возило | | 450. 000 |
| 5 | Дизел агрегат | | 600.000 |
| **ВКУПНО:** | | | **9.850.000** |

### Планирани приходи

Во Секторот Уредување и одржување на гробишта во наредната година се планира приход од 23.800.000 ден. или 9% од вкупно остварениот приход.

Учеството на поодделните приходи е следно:

Приходи од одржување на меѓугробен простор ...............................7.390.000 ден
Приходи од давање на право на употреба
како лична службеност на гробно место.........................................13.900.000 ден
Регистрација на гробно место

давање на уверенија и други приходи........................................................830.000 ден
Приходи од капела..........................................................................1.680.000 ден
**ВКУПНО: 23.800.000 ден**

**Кадровска опременост 30 работници**
Секторот Уредување и одржување на гробишта расплага со следниот стручен кадар:

- Висока стручна спрема ВСС 4
- Средна стручна спрема ССС 10
- Основно образование ОО 16

Бројот на лица и видовите на потребните работни места се доставени во План за вработување за 2025 за Сектор уредување и одржување на гробишта и планирани се 5 нови вработувања.

## Предлог план за работа на Секторот за Општи, правни работи и човечки ресурси
## Основна дејност

Секторот за општи и правни работи ги опфаќа работите на целокупното општо, правно и кадрово работење. Секторот ги врши следните задачи и обврски: изготвување на решенија од областа на правата и обврските на вработените, водење на кадровска евиденција, изготвување на договори, изготвување на тужби, жалби, приговори и други акти пред надлежни органи, изготвување на предлог акти на претпријатието, изготвување на записници, одлуки и други акти за органите за управување, застапување и претставување на претпријатието пред судовите и другите органи, го организира функционирањето и работењето на архивското работење, го организира прибирањето, средувањето, чувањето и отуѓувањето на целокупната документација на претпријатието.
Во состав на секторот се:

- Одделение за општи, правни работи и човечки ресурси
- Одделение за јавни набавки

Одделението за општи, правни работи и човечки ресурси ги опфаќа работите поврзани за правата и обврските на вработените во претпријатието, целокупната правна работа на претпријатието пред судовите и другите државни органи, изготвување на актите како и целокупното архивско работење.
Во ова одделение се вршат активности како изготвување на решенија, тужби, жалби, приговори, барања и други акти за пред судовите и другите државни органи и институции. Го организира функционирањето и усогласувањето на архивското работење на претпријатието.
Во одделението за јавни набавки се спроведува целокупната постапка за јавните набавки согласно законската регулатива на Република Северна Македонија.

**Предвидени активности**

Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси во текот на 2025 година, следејќи ги наплатите на корисниците на услугите од изминатите години, ќе врши редовно тужење на корисниците на услугите на ЈП Комуналец Битола, кои не ги подмириле своите долгови во законски наведените рокови. За таа цел се предвидува да се воспостави целосна координација помеѓу сметководствената и правната служба на претпријатието.

За унапредување на ефикасноста и точноста на работата на одделенијата се предвидува непосредна поврзаност со Секторот за финансисии,сметководство и комерција преку изработка на компјутерска програма за електронско водење на архива, како и компјутерска програма за рализација на договорите за јавни набавки.

**Кадровска опременост 9 работници**

Сектор за Општи,правни работи и човечки ресурси располага со следниот стручен кадар:

- Висока стручна спрема ВСС 6
- Средна стручна спрема ССС 3

## Предлог план за работа на Сектор за Финансии,сметководство и комерција

## Основна дејност

Секторот за Финансии, сметководство и комерција работи според Правилник за сметководство кој ги содржи сите меѓународни сметководствени стандарди и законски регулативи. Ажурно ги доставува сметките до корисниците на сите видови услуги, учествува во изготвување на целокупната документација врзана со сметководственото работење и креирањето на деловната политика на ниво на претпријатието.

Секторот за финансии, сметководство и комерција поделен е на три одделенија:

- Одделение за сметководство и финансова оператива
- Одделение за наплата
- Одделение за план и анализа

**Предвидени активности**

Со цел да ја унапреди ефикасноста и точноста на работата на своите одделенија, како и да ја зајакни комуникацијата со граѓаните ЈП Комуналец планира мигрирање на апликативниот софтвер на повисока платформа што подразбира унапредување на програмите и нивно раздвојување на подпрограми. Конекција на Секторите за финансово работење со правен сектор и одделението за јавни набавки со програми кои ќе користат заеднички податоци со цел поголем увид во внатрешната комуникација на секторите.

Во делот на набавка на опрема за работа се предвидува набавка на компјутерска и други видови на канцелариска опрема.

**Кадровска опременост 31 работници**

- Висока струча спрема ВСС 11
- Виша стручна спрема ВШС 1
- Средна стручна спрема ССС 19

Бројот на лица и видовите на потребните работни места се доставени во План за вработување за 2025 за Сектор финансии, сметководство и комерција до одделението за човечки ресурси и планирани се 5 нови вработувања.

## Основна дејност
## Предлог план за работа на Сектор Канцеларија на директорот

Канцеларијата на Директорот ги опфаќа двете одделенија

- Одделението за подршка на директорот
- Одделението за БЗР и заштита на животната средина

**Планирани активности**

- Подобрување на координацијата помеѓу двете одделенија во канцеларијата и помеѓу канцеларијата и другите сектори на ЈПК со цел поефикасно и поефективно работење на ЈПК
- Редовна контрола и сервисирање на постоечкиот видео надзор,надградба на истиот и поставување на нов видео надзор на други локации доколку има потреба и редовна контрола на електронската евиденција за редовност на вработените
- Навремена контрола за термините и спроведување на здравствени прегледи (насочени, систематски, претходни и професионални) по проценка на ризик на сите вработени во ЈПК Битола
- Редовно сервисирањена на постоечките ПП апарати(S2,S6,S9 ), по потреба надополнување на истите и набавка на нови ПП апарати и соодветни обуки на вработените за користење на истите
- Чистење на цевки и типли во котел,спалување и чистење на оџаци од парно – на две локации (во управната зграда и во Сектор јавно зеленило)
- Да се изработат изјави за безбедност со проценки за ризик за нови работни места и за постоечки работни места за кои не се изработени истите
- Испитување на работните места (заземјување,осветленост,бучава, температура и исправност на рачни и електрични средства за работа)
- Да се планираат и извршат обуки за БЗР на вработените со зголемен ризик на работно место и обуки на нововработени во ЈПК Битола
- Навремена набавка на потребната ХТЗ за сите сектори на ЈПК(летно одело,зимско одело,машки јакни,женски јакни,високи заштитни чевли,ниски заштитни чевли,кабаници,одело за дожд,зимски капи,појас за спасување,ракавици,гумени чизми,антифони, елек со висока видливост и сл.)

- Планирање и поставување на хидранти во Стопански двор, Нови гробишта и во Јавно зеленило (на ул.„Македонска фаланга“) и поставување на громобрани на одредени објекти
- Техничко испитување на дигалки монтирани на возила за комунален отпад и на дигалката со платформа.
- Навремено примање на редовна вакцина и ревакцина на ризична група на вработени во ЈПК Битола
- Секторот Канцеларија на директор располага со вкупно 20 вработени

**Кадровска опременост 20 работници**

- Висока струча спрема ВСС 3
- Виша стручна спрема ВШС 1
- Средна стручна спрема ССС 14
- Основно образование ОО 2

Во ЈП Комуналец има и пет самостојни работни места и едно именувано лице.

## Предлог план за работа на Сектор за технички работи и развој

## Основна дејност

Дејноста на сектотрот за технички работи и развој е да го одржува во техничка исправност возниот парк во јавното претпријатие,уличното осветлување во Општина Битола и како и одржување на спортските објекти.

Во делот на уличното осветлување

- ❖ Одржување и сервисирање на опремата за улично осветлување на подрачјето на Општина Битола и реоните Бистрица, Цапари и Кукуречани и замена на постојните улични светилки, вградување на нови лед улични светилки и арматури поради поголема енергетска ефикасност.
- ❖ Одржување на механизацијата и возилата во техничка исправност во ЈП
- ❖ Одржување на хигиената во спортските објекти.

Во секторот за технички работи и развој спаѓаат следните одделенија:

- Одделение за јавно осветлување
- Одделение за одржување на механизација и возила
- Одделение за одржување на спортски објект

## Предвидени активности

### Одделение за јавно осветлување

Планот за работа за 2025 година за уличното осветлување се уредува со опретивната програма усвоена од Советот на Општина Битола, а во неа се предвидени одржување и сервисирање на опремата за улично осветлување, одржување на мрежата на уличното осветлување и промена на постојните со светилки во лед осветлување .

Во планот за 2025 година се планира да се дозавршат односно променат преостанатите живини , флуоресцентни и натриумови светилки во селките руралните средини, а со тоа се зголемува енергетска ефикасност на целиот систем на улично јавно осветлување во Општина Битола. Се планира поставување осветлување на пешачките премини заради поголема сообраќана безбедност на пешаците по проектна документација.

Во 2025 година се планира да се постави ново лед осветлување на нови реконстрирани улици во Општина Битола .

### Одделение за одржување на механизација и возила

Одделението на механичарска работилница се занимава со сервисирање на возниот парк на ЈП Комуналец Битола и тоа:

Специјални возила за собирање и транспорт на комуналелен отпад со капацитет од 8 до 16м$^3$, 6 лесни возила, 2 комбиња, 1 специјално возило дигалка, 4 трактори, 2 камиончина, 1 кипер, 1 бобкет, 3 специјални возила метларки, 1 специјално возило виљушкар, 1 специјално возило цистерна за вода и ситна механизација за потребите на секторите од ЈП Комуналец Битола.

За планот на работа во 2025 година за потребите на механичарска работилница потребно е реконструкција на механичарска работилница и едно лесно возило за потребите на Секторот за Технички работи и развој заради поголема ефикасност во секторот.

### Одделение за спорски објекти

Одделението за спортските објекти во планот за 2025 година предвидено е одржување на хигиената на следните објекти согласно изготвениот план за работа на овој сектор.

-Спортска сала Боро Чурлевски-внатрешно
-Спортска сала Боро Чурлевски-надворешно
-Фудбалскиот стадион Петар Милошевски
-Помошен фудбалски стадион
-Фудбалски стадион ( Ќумурно игралиште )
-Тениски игралишта

**Инвестиционен план**

| Р.бр | Мерка | количина | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | Реконструкција на механичарска работилница | 1 | 300.000 |
| 2 | Набавка на лесно возило за потребите на секторот | 1 | 600.000 |
| | **ВКУПНО** | | **900.000** |

Средствата во износ од 900.000 денари, потребни за реализирање на овие инвестиции ќе се обезбедат од сопствени средства.

**Планирани приходи**

Во Секторот Технички работи и развој во наредната година се планира приход од 20.000.000 ден. 7% во согласност со трите оперативните програми за улично јавно осветлување.Приходи од спорските објекти во износ од 240.000,00 ден.
Учеството на пооделните приходи е следно

Приходи од спорски објекти .................................................................. 240.000 ден
Сервисирање на уличното осветлување за град Битола
и руралните средини .................... 7.500.000 ден
Сервисирање на уличното осветлување за поставување
на лед осветлување,осветлување на пешачки премини,осветлување на реконструрани улици во Општина Битола ..................................................................12.260.000ден.

**ВКУПНО .................................................................................. 20.000.000 ден**

**Кадровска опременост 18 работници**

- Висока стручна спрема ВСС 2
- Средна стручна спрема ССС 15
- Основно образование ОО 1

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ПО СЕКТОРИ ЗА 2025 ГОД.

| р.бр | ПРИХОДИ | ПЛАН 2025 |
|---|---|---|
| 1 | **Сектор Комунална хигиена** | |
| | ѓубретарина од население | 78.700.000 |
| | ѓубретарина од правни лица | 30.440.000 |
| | приходи од собирање и деп.на комунален отпад | 3.700.000 |
| | продажба на отпадна пластика | 89.000 |
| | приходи од собирање и балирање на хартија | 826.000 |
| | приходи од пластични канти | 140.000 |
| | приходи од продажба на ситен инвентар | 780.000 |
| | други приходи | 16.120.000 |
| | **ВКУПНО:** | **130.795.000** |
| 2 | **Сектор Јавно зеленило** | |
| | приходи од јавна чистота | 22.900.000 |
| | приходи од расадник и цвеќара | 1.860.000 |
| | приходи од Буџет на Општина Битола | 40.000.000 |
| | приходи од фактурирани услуги и ЈЗП | 12.000.000 |
| | приходи од Програма за прифатилиште | 18.000.000 |
| | други приходи | 1.560.000 |
| | **ВКУПНО** | **96.320.000** |
| 3 | **Сектор Уредување и одржување на гробишта** | |
| | приходи од одржување на меѓугробен простор | 7.390.000 |
| | приходи од давање во право на владеење во лична сопственост на гробно место | 13.900.000 |
| | регистрација на гробно место давање на уверенија и други приходи | 830.000 |
| | приходи од капела | 1.680.000 |
| | **ВКУПНО:** | **23.800.000** |
| 4 | **Сектор за Технички работи и развој** | |
| | приходи од спортски објекти | 240.000 |
| | сервисирање на уличното осветлување за град Битола и рурални средини | 7.500.000 |
| | сервисирање на улич.осветлување за поставување на лед сијалици | 12.260.000 |
| | **ВКУПНО** | **20.000.000** |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **270.915.000** |

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ПО СЕКТОРИ ЗА 2025 ГОД.

| Конто синтетика | Општи трошоци | Сектор Комунална хигиена | Сектор Јавно зеленило | Сектор управување и орджување на гробишта | Сектор правна, финансии и канцелар.на директор | Сектор за технички работи и развој |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци на продадени производи и услуги | | 350.000 | 1.807.000 | | | |
| Трошоци на материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 50.000 | 17.800.000 | 5.700.000 | 1.000.000 | 2.050.000 | 10.600.000 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 100.000 | 3.950.000 | 3.560.000 | 1.300.000 | 5.550.000 | 200.000 |
| Вкалкулирани резервирања на материјални трошоци, бруто плати и останати трошоци за вработените | | 52.520.710 | 53.744.028 | 21.171.000 | 50.678.107 | 17.997.000 |
| Амортизација | | 2.438.670 | 1.815.124 | 211.000 | 381.000 | 196.000 |
| Нематеријални трошоци | 3.534.000 | 2.232.000 | 465.000 | 2.200.000 | 776.000 | 93.000 |
| Останати трошоци од работењето вредносно усогласување | | 250.000 | | | | |
| Останати расходи отписи | | 1.500.000 | 4.000.000 | 43.200 | | |
| Финансиски расходи камати и негативни курсни разлики | 472.500 | | | | | |
| **Вкупно** | **4.156.500** | **81.041.380** | **71.091.152** | **25.925.200** | **59.435.107** | **29.086.000** |
| **ВКУПНО** | | | **270.735.339** | | | |

Планирани трошоци процентулно по сектори се:

- Општи трошоци 2%;
- Сектор Комунална хигиена 30%;
- Сектор Јавно зеленило 26%;
- Сектор Управување и одржување на гробишта 10%;
- Сектори Правна,Финансии и канцеларија на директор 21%
- Сектор за Технички работи и развој 11%

## План за распределба на вкупниот приход и поделбата на трошоците за 2025 година

| | **ПЛАН 2025** | **% на уч.во ЈП** |
|---|---|---|
| Приходи од Сектор Комунална хигиена | 130.795.000 | 48 |
| Приходи од Сектор Јавно зеленило | 96.320.000 | 36 |
| Приходи од сектор Уредување и одржување на гробишта | 23.800.000 | 9 |
| Приходи од Сектор Технички работи и развој | 20.000.000 | 7 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **270.915.000** | **100** |
| Општи трошоци | 4.156.500 | 2 |
| Сектор Комунална хигиена | 81.041.380 | 30 |
| Сектор Јавно зеленило | 71.091.152 | 26 |
| Сектор Уредеување и одржување на гробишта | 25.925.200 | 10 |
| Сектор Правна,финансии и канцеларија на директор | 59.435.107 | 21 |
| Сектор Технички работи и развој | 29.086.000 | 11 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **270.735.339** | **100** |
| **ПЛАНИРАНА ДОБИВКА:** | **179.661** | |

ЈП Комуналец Битола
ВД Директор
Горан Степановски